**ЗАПИСНИК**
**од 14-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 02.03.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**м-р Драгица Љубевска, го менуваше д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Цветанка Митревска, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред објасни дека Точката 4 „Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола на радиодифузер" ќе се повлече затоа што радиодифузерот во меѓувреме извршил целосна уплата. Точките во дневниот ред кои по неа следат согласно промената ќе се поместат за една бројка погоре.

Советот на Агенцијата со предложените корекции едногласно со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 26.02.2018 година.

2. Усвојување на предлог-записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.02.2018 година.

3. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола на радиодифузер.

4. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Систем за управување со документи (ДМС) – Надградба на постојниот интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.

5. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Тонери за принтери и копир апарати.

6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: ИСО (ISO) – (9001:2015).

7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 23.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа предложениот записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.02.2018 година.

Г-дин Фиданоски имаше две технички забелешки. Првата беше на страна 4 од записникот во пасусот кој го опишува неговиот говор, и предложи во третиот ред на почетокот на реченицата зборот „според" да се замени со зборот „во" и во продолжение два-три реда подолу зборот „одоздола" да се коригира со зборот „најдолу".

Г-дин Петрушевски рече дека со предлозите содржината суштински не се менува, а со корекциите ќе се добие дополнително подобрување на текстот.

Советот со двете корекции од г-дин Фиданоски едногласно го усвои предложениот Записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фетаи времено ја напушти седницата поради телефонски повик.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата м-р Драгица Љубевска го образложи предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола на радиодифузер. Објасни дека на 12-та седница одржана на 23 февруари 2018 година Советот на Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Кочани бидејќи радиодифузерот не го плати годишниот надоместок за дозволата. На 26 февруари

наведениот радиодифузер изврши целосна уплата поради што се предлага да се запре покренатата постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека општо за сите вакви случаи веста е добра и го поддржува предлогот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-93 од 01.03.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и со 6 гласа „за" (г-дин Фетаи не беше присутен во моментот на гласање) донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 131.583,00 (сториесетиеднаиљјадаипетстотиниосумдеситри) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити ја образложи предложената одлука за потреба од јавна набавка: Систем за управување со документи (ДМС) – Надградба на постојниот интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење. Објасни дека набавката е предвидена во Планот за јавни набавки и Финансискиот план на Агенцијата за оваа година. Наведе дека овој интегриран софтвер го користат Секторот за правни и економско финансиски работи и Секторот за информатичка поддршка и општи работи. По двегодишно работење се наметна потреба од надградба и одржување на постоечкото интегрирано решение и тоа во делот на системот за работно време кој треба да биде поврзан со системот за плати, потоа за генерирање на одредени автоматски извештаи за потребите на Секторот за правни и економско финансиски работи. Посочи дека сето останато што треба да се надгради стои во техничката спецификацијата која е доставена на увид во материјалот. Со оваа надградба ќе се подобри секојдневното работење на Стручната служба.

Г-дин Петрушевски праша дали со предложената надградба дополнително ќе се намали употребата на хартија во Агенцијата?

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити одговори дека се надева дека ќе биде така и дека ќе има потреба само крајните документи да се печатат.

Г-дин Фиданоски рече дека во Барањето за доделување на договор за јавна набавка предвидениот износ на средства е 450.000,00 денари. Праша дали тоа е горниот лимит па се очекува потоа таа цена да се намали?

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити одговори дека тоа се максимално предвидени средства и не може да се зголемуваат, но секако на аукција се очекува дека ќе има конкуренција и дека износот ќе се намали. Посочи дека фирмата која ќе ја добие оваа јавна набавка ќе биде обврзана во

следните две години од потпишување на договорот да даде бесплатна поддршка и одржување на системот.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-937/3 од 01.03.2018 година и со 6 гласа „за“ (г-дин Фетаи не беше присутен во моментот на гласање) даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Систем за управување со документи (ДМС) – Надградба на постојниот интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот услуга: Систем за управување со документи (ДМС) – Надградба на постојниот интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-948/3 од 01.03.2018 година и едногласно со 7 гласа „за“ даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: Тонери за принтер и копир апарати.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – стока: Тонери за принтер и копир апарати е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година.

**Точка 6**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити ја образложи предложената одлука за потреба од јавна набавка: ИСО (ISO) – (9001:2015). Објасни дека во 2015 година Агенцијата се здоби со сертификат со стандардите за управување со квалитет ИСО 9001:2008 односно еквивалент во Република Македонија МКС EN ISO 9001:2009. Овој сертификат има важност до 15.09.2018 година и по истекот на овој период Агенцијата треба повторно да се сертифицира. Бидејќи ИСО 9001:2008 е веќе укинат како стандард и не се користи повеќе, воведена е верзијата ИСО 9001:2015. Со оваа набавка ќе се добие консултант кој ќе изврши скенирање на процедурите и процесите на работење во Агенцијата и исто така економскиот оператор кој ќе ја добие оваа набавка треба да изработи систем за управување со ризици.

Г-дин Петрушевски рече дека се работи за ресертификација поради тоа што веќе има одредена верзија на овој стандард во Агенцијата. Таа има ограничено траење и ги принудува институциите постојано да се усовршуваат така што и ова сега, ако Советот го

одобри, и ако се спроведе, по изминување на три години повторно ќе треба сертификација. Поради тоа што АААВМУ работи според високи стандарди рече дека ќе го поддржи предлогот и се надева дека со воведување на овој стандард уште повеќе ќе се подобри работењето и функционирањето Агенцијата, Стручната служба и Советот.

Г-дин Фетаи рече бидејќи се работи за сертификат кој веќе го има Агенцијата, праша дали од истата фирма и со истите луѓе ќе се продолжува сертификацијата или ќе се оди од почеток? Бидејќи тогаш се плати полна цена имаше и обуки па се дојде до констатирање дека Агенцијата заслужува да има таков сертификат со применување на тие стандарди и правила кои се предвидени. Сега обновата почнува од нула како да нема ништо? Според него рече дека можеби би било посоодветно бидејќи тие ја сертифицираа Агенцијата со ИСО 9001:2008, можеби има некоја клаузула да не се оди од почеток бидејќи тоа финансиски колку ќе чини? Знае дека тие имаат континуитет во работата и би требало според него да се продолжи во таа насока.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити одговори дека претходната ИСО 9001:2008 беше дел од проектот на ЕУ, ИПА проект, а Агенцијата плати само сертификација на работењето. Но овој сертификат трае 3 години и доколку Агенцијата сака и понатаму да работи со стандарди на квалитет ќе мора да се ресертифицира.

Г-дин Петрушевски рече дека се предвидени до 300.000,00 денари, тоа е највисокиот износ кој може да биде, но може да оди подолу во зависност од конкуренцијата. За оваа јавна набавка цената се движи во овие граници бидејќи и во други институции е до 300.000,00 денари, но сепак зависи од понудувачите и на аукција може да се спушти и на пола цена.

Г-дин Фиданоски во врска со материјалната расправа по точката рече дека и тој очекува цената на аукција да оди надолу. Дека овој сертификат и треба на Агенцијата е несомнено и ова се дел од стандарди кои што практично како една целина ја носат државата во евроинтегративните чекори со ваков начин на работење. Тоа само по себе е цел кон која што треба да се стремат сите институции не само Агенција, бидејќи тоа значи достигнување на европски стандард. Во врска со правописните грешки во текстот на техничката спецификација рече дека во воведот зборот „квалитет“ на две места треба да се коригира. Имено на едно место е „кавалитет“ а во другиот случај „квалитете“.

Г-дин Фетаи рече дека неговата идејата е во насока дека можеби би било поевтино и посоодветно да се разговара со организацијата која првобитно вршела сертифицирање на Агенцијата. Таа веќе има увид а ако се оди од почеток можеби се оди во непознато. Колку што има сознанија, кога се купува од некои добавувачи тие даваат одредени попусти затоа што иако навидум изгледа дека Агенцијата започнува од нула сепак не е така. Агенцијата е сертифицирана но сега треба да се надгради со некои посовремени методи и начини на архивирање на податоци и сл. Во таа насока е прилагодување на европските стандарди односно да се биде во тренд со современите начини на работење на вакви институции како што е Агенцијата. Токму во таа насока му била идејата, тие што досега биле дали се консултирани и дали е разговарано дека поминаа три години па да се разговара за следното, со цел да се има порационален пристап во работењето.

Г-дин Петрушевски рече дека кога го разгледувал Предлог-дневниот ред нему не му била добра формулацијата на насловот на оваа точка, ИСО (ISO) – (9001:2015). Според него ова претставува неточна формулација на стандардот и сакал да се јави за корекција на насловот на точката. Но го прегледал Планот за јавни набавки за 2018 година и видел дека буквално така е и таму напишано и затоа не може да се смени насловот на набавката во дневниот ред затоа што треба да биде исто како во планот. Доколку суштински се погледне во воведот ќе се забележи дека се работи за она што го кажал г-дин Фетаи. Тамо е наведено следното: „За да Агенцијата продолжи да ја организира својата работа согласно системи за управување со квалитет потребно е да изврши надградба на постојниот систем". Ова значи дека не се тргнува од нула и треба да се вика „Надградба на постојниот ИСО 9001:2008 во ИСО 9001:2015. Но за да се направи ова измена треба прво да се смени Планот за јавни набавки за 2018 и би изгубиле на време, можеби една до две недели најмалку. Во секој случај јасно е дека се работи за надградба и тој што ќе ја добие набавката нема да почне од нула. Верува дека самите фирми, доколку се јави повеќе од една, ќе знаат дека ќе имаат помалку работа и по негова проценка цената ќе падне на пола.

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска рече дека имајќи ја предвид вредноста на оваа јавна набавка не може Агенцијата да се обрати на тој што претходно ја сертифицирал бидејќи во Република Македонија има повеќе фирми што ја вршат оваа услуга. Посочи дека мора да се запази конкуренцијата на пазарот и притоа надевајќи се дека ќе се обезбеди пониска цена, односно да се добие подобра услуга за помал износ на финансиски средства што е и поентата на постапките за јавни набавки. Од таа причина мора де се спроведе постапката за јавна набавка и не може да се обратат до фирмата која ја сертифицираше Агенцијата за стандардот ИСО 9001:2008. Но дополни дека секако има и тој право да се јави на јавната набавка.

Г-дин Петрушевски побара кога ќе заврши набавката неофицијално да го информираат Советот колкава ќе биде цената и дали како што се надеваат ќе се намали, според него најмалку на 180 илјади денари од предвидената вредност 300.000,00 денари.

Г-дин Фетаи рече дека не знае дали се прекршува Законот или правилата на огласот но добро би било да се информираат тие кои што го направиле првото сертифицирање на Агенцијата за да се во тек, бидејќи смета дека тие би понудиле пониска цена.

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи Цветанка Митревска рече дека огласот ќе биде објавен на Бирото за јавни набавки на ЕСЈН системот и сите фирми кои што ја обавуваат оваа дејност и се регистрирани на овој систем, автоматски добиваат известување дека е објавен таков оглас. Од друга страна фирмата која ја спроведуваше сертификацијата ИСО 9001:2008 знае дека важноста на стандардот е до 15.09.2018 година односно имаат информација дека Агенцијата ќе започне со оваа јавна набавка за да навремено обезбеди продолжување на следниот сертификат.

Г-дин Трајчев рече дека ја следел дискусијата и според него е најважно Агенцијата да спроведе транспарентна постапка каде што најповолниот понудувач ќе ја добие оваа

јавна набавка. Со оглед на дискусијата претходно, напомена дека е важно во самата спецификација да се нагласи дека се работи за надградба на постојниот стандард. Но Советот не носи техничка спецификација, таа е дадена на увид, Советот носи одлука за да се спроведе јавна набавка. Стручната служба понатаму може да ја менува техничката спецификација бидејќи нејзината изработка претставува обврска на Агенцијата. Само напоменува што може да се стави за да бидат сите информирани, за да се обезбеди еднаков третман при понудите, за да се добие најповолна понуда и сите да бидат упатени дека се работи за надградба на веќе постоен систем.

Г-дин Петрушевски рече дека дополнително може да се напише во условите дека е дозволена посета на лице место, увид и кој сака ќе види и ќе може да процени колку ќе вложи ресурси за да ја дефинира цената.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-964/3 од 01.03.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: ИСО (ISO) – (9001:2015).

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: ИСО (ISO) – (9001:2015), е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-998/6**
**09.03.2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**